# Мој Термин - Упатство

## За проверка на пациентите кои биле на мамографски скрининг

Април, 2015
Министерство за здравство
Сектор за ИКТ

МОЈ ТЕРМИН

# Упатство за проверка на пациентите кои биле на скрининг

Министерството за здравство во соработка со Јавните здравствени установи од 7 април 2015 година започна со активности за спроведување на Националната програма за рано откривање на рак на дојка. Мамографскиот скрининг ќе се изведува во сите јавни здравствени установи кои имаат апарат за мамографија. За таа цел ќе се повикуваат асимптоматски жени кои не направиле мамографска контрола последните две години и се на возраст од 50-69 години.

За жените кои ќе бидат повикани за мамографски скрининг матичниот лекар **не треба да издаде упат**. Овој преглед е бесплатен.

По извршениот мамографски преглед, жената добива писмено известување за наодот од снимањето. За сите Ваши пациентки кои биле на мамографски скрининг имате увид во извештајот од прегледот (во системот Мој термин). Во ова упатство го објаснуваме начинот на користење на оваа опција.

Ваша обврска е кога ќе дојде на преглед жена со позитивен наод, да ја упатите според дадените насоки во извештајот од прегледот. Овој број на пациентки не би требало да биде голем, но е од огромна важност да бидат навремено упатени.

За сите прашања околу мамографскиот скрининг може да се обратите на адресата mamografijaskrining@zdravstvo.gov.mk или на телефонот 071 235 685.

За прашања и коментари во врска со наведените опции и за се што е поврзано со користење на системот Мој Термин може да се обратите на телефонот за техничка поддршка (02) 15 444 и на адресата ***mojtermin@zdravstvo.gov.mk***

Тимот на Мој Термин Ви посакува успешна работа.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАНА

ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

- Скрининг за карцином на дојка

## Проверка на пациенти кои биле на мамографски скрининг

Матичниот лекар може да пристапи до резултатите за своите пациенти кои се опфатени со програмата за мамографски скрининг. За таа цел, првин треба да пристапите на страната ***www.mojtermin.mk,*** каде со избор на **Најава**, се отвора нов прозорец за внес на **Корисничко име** и **Лозинка** (Слика 1).




Слика 1

По најава на Мој термин на мени лентата треба да кликнете на **Скрининг** (Слика2).




Слика 2

Откако ќе се кликне на **Скрининг** се отвара нов прозорец со поле за пребарување на пациенти. **Пребарувањето на пациентите се прави со внесување на единствен матичен број** (Слика 3).




Слика 3

Откако ќе се внесе ЕМБГ за пациентот се клика на синото копче Барај. Веднаш под полето за пребарување во табела се прикажуваат следниве податоци за пациентот (Слика 4):

- Датум на извештај
- ЕМБГ
- Име и презиме
- БИ-РАДС и класификација
- Препорака
- Претходни мамографии
- Извештај
- Одговор




Слика 4

Во колоната Извештај со клик на **Извештај** (напишан со сини букви) се отвора извештајот од радиологот со наодот од снимањето како и препорака за идни испитувања. Исто така со клик на **Одговор** може да се пристапи до одговорот кој е доставен по пошта до пациентот.

**ВАЖНО:** Доколку за пациентот има препорака за дополнителни испитувања (пр: ултразвук, кор биопсија и сл.) матичниот лекар е должен да издаде упат за дополнителни испитувања и да постапи по препораката од радиологот.